Зеншо В. Коп

# Бесмртност

Транскрипција од еден Дарма-говор
на Зеншо В. Коп објавен во
Зен центарот Тао Чан во Визбаден
29 февруари 2020

Една фатална грешка што многу Зен практичари ја прават - е кога седат во медитација и чекаат да се случи просветлување.
Лежат како мачка пред глувчечка дупка и демнат.

Вистинската состојба на умот е онаа на опуштено неприврзување, со широка, будна и јасна свест.

Тогаш не треба да си помислите:

„Аха. Нема потреба да чекам да се случи просветлување “.

И тогаш, само висите така. Да.

И чекањето за просветлувањето е ... (мајсторот го покажува тоа).
Туку напротив, средината.
Исправено, право, не премногу напнато, не премногу лабаво.

Како што се вели во Зен:
Во хармонија со јин и јанг, во хармонија со небото и земјата.

Сè повеќе ќе чувствуваш сигурност во себе, бидејќи сè повеќе и повеќе го чувствуваш твоето вистинско самобитие, Бушин - природата на Буда, твоето оригинално, бесмртно битие, бесмртното себе. Прво можеш да го осетиш, потоа сè повеќе и повеќе можеш да го почувствуваш, сè додека се повеќе и повеќе не се претвори во искуство.
А во моментот на смртта твојата свест ќе се сврти кон овој извор на живот, оваа чиста есенција, која постои сама од себе и нема да биде фатена во жалење, во приврзување, држејќи се за светот кој го снемува.

Но, некој сепак може да каже: „Ама, како тоа?
Јас сум тој што умира. Светот не умира.

Кога јас умирам, зошто тогаш светот престанува да постои?“
Тоа е точно така: светот престанува да постои.
Во моментот на смртта, кога ќе умрам - јас нема да умрам.

Јас сум бесмртен. Но моето искуство за светот, целиот свет - го снемува. Бидејќи светот не е ништо друго освен размислување, само имагинација.
Нема простор, нема време. Нема материја.
Нема пред нема потоа.
Нема раѓање, страдање, стареење, болест, болка и смрт.

Сè е само сон што го снемува.

На крајот, ова е основната, суштинска вистина, не само во Зен, туку воопшто и во будизмот, во тибетскиот будизам, во Тантрајана, во Адваита-Веданта, исто така во таоизмот тоа е основната вистина, каде во моментот на смртта, светот умира. Не само овие учења со длабока мудрост за кои што зборувам, туку и денешната наука го потврдува ова.

Науката за физика, новата физика, науката за неврофизиологија докажува дека сè е само мислење. И не постои мислител. Има само процес на размислување.
Овој процес на размислување е кармички условен од Санскари, или т.н. кармички движечки сили, односно ментални импулси активирани во претходната состојба на битието, т.е. претходното постоење или инкарнација, како и да сакаме да ги наречеме.

Ментални импулси, движење на умот во форма на прифаќање и отфрлање и интерпретирање, што точно потоа ја активира оваа карма, каде сите овие афинитети стануваат независни и се поцврсти, така што формираат цела личност, дури и на прагот на смртта.

Кога човекот умира и влегува во Бардо, во состојбата помеѓу смртта и повторното раѓање, сите овие остануваат, формираат и одредуваат она што човекот или овој принцип на свест, што останува во Бардо, во моментот на смртта, во што понатаму ќе се трансформира и каде и како повторно ќе се манифестира.

Понатаму, дали ќе се изгуби во ништото на темнината на самсаричката илузија или ќе се сврти кон својата зрачечка светлина - Дармакаја и со тоа сè повеќе ќе го реализира своето бесмртно, вистинско тело на Буда.

Контакт

ЗЕН ЦЕНТАР
**ТАО ЧАН**

Доброволна организација

Телефон: +49 (0)611- 940 62 31
Факс +49 (0)611 - 940 62 32
www.tao-chan.org/mk/
www.facebook.com/zencentertaochan/

Сите права се задржани. Содржината на ова дело е целосно заштитена со закон.
Не е дозволена целосна или делумна репродукција на овој текст или негово компјутерска преработка или пренесување во која било форма или на кој било начин, без оглед дали е електронско, механички, со фотокопија, со регистрација или други методи, без претходноовластување.

© Зен центар Тао Чан, Визбаден
Примерокот не е за продажба